**Известување за концентрација со која Алурити БидКо АБ, Шведска ќе стекне целосна контрола над Инфиго ИС д.о.о. Самобор, Република Хрватска**

**(предмет бр. 08- 81 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 30.04.2025 година) до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Алурити БидКо АБ (Allurity BidCo AB) со регистрирано седиште на Норландсгатан 10, 111 43 Стокхолм, Шведска над Инфиго ИС д.о.о. Самобор (Infigo IS d.o.o. Samobor) со регистрирано седиште на ул.Матијаша Корвина 6, Самобор, Хрватска.

-Деловните активности на **Алурити БидКо АБ** се директно или индиректно, поседување и управување со акции и удели во подружници и поврзани компании кои се претежно активни на полето на консалтинг за ИТ и претприемништво, и вршење други дејности кои се компатибилни со наведените и со сопственото работење; поседување и управување со недвижен и подвижен имот; давање услуги на други поврзани компании во врска со со администрација, управување, други правни услуги и маркетинг.

Алурити Групата на компании кои ги контролира Подносителот даваат услуги во полето на сајбер безбедноста и главно во следните категории: консалтинг, сервис менаџмент, препродавање на софтвер.

Деловните активности на Целното друштво **Инфиго ИС д.о.о. Самобор**, и на Фирмата ќерка на Целното друштво, ИНФИГО ИС ДООЕЛ Скопје се од сферата на информатичката технологија и опфаќаат компјутерски консултантски услуги. Нивната деловна активност се состои од сајбер безбедност, проценка на безбедноста, испорака на решенија, консултирање, софтверски решенија, и управувани безбедносни услуги; работењето на ИНФИГО ИС ДООЕЛ Скопје е насочено главно на консалтинг за сајбер безбедност.

-Инфиго ИС д.о.о. Самобор има корпоративно присуство во Северна Македонија и тоа:
- **ИНФИГО ИС ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на ул.Милан Мијалковиќ бр.22, Скопје – Кисела Вода, Кисела Вода, Република Северна Македонија и со регистрирана приорирететна дејност-компјутерски консултантски дејности и дејности за управување со комјутерска опрема.

Освен уделите во Целното друштво, Продавачите не се сопственици или сосопственици на друштва чија деловна активност е во секторот на информатичката технологија.

Подносителот, Директниот основач и фирма мајка на Подносителот, и Алурити Групата на компании немаат директни продажби, деловни активности и приходи во Република Северна Македонија.

Само Целното друштво и Фирмата ќерка на Целното друштво имаат директни продажби и приходи во  Република Северна Македонија.

Најголем дел од приходите на учесниците се остваруваат преку продажби на клиенти надвор од Република Северна Македонија (при тоа, мал процент на приходите на Целното

друштво и на Фирмата ќерка на Целното друштво се остваруваат во Република Северна Македонија).

Предложената трансакција потенцијално би можела да се однесува на пазарот за услуги на сајбер безбедност и информациска сигурност. Сепак, релевантниот пазар на стоки е веројатно значително поширок, и опфаќа неколку различни видови на ИТ услуги сегментирани по функционалност, односно (i) консултирање; (ii) имплементација; (iii) ИТ аутсорсинг; (iv) аутсорсинг на бизнис процеси; (v) софтверска поддршка; и (vi) хардверска поддршка. Од географски аспект, учесниците сметаат дека релевантниот географски пазар може да се дефинира како националната територија на Република Северна Македонија. Во секој случај, не е неопходно прецизно да се дефинира дефиницијата за релевантниот пазар и може да остане отворена.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

07.05.2025 година

Скопје